СИЛАБУС

**ПРЕДМЕТНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ:**

**Р И М С К О   П Р А В О**

I.ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ:

**Код на предметот:** 50810
**Статус на предметот:** Задолжителен предмет на додипломски студии
**Семестар во кој се изучува:**II (втор).
**Година кога се изучува:** I (прва).
**Наставни часови (вкупно):** 48.
**Задолжителна литература (број на страни):** 330.
**Кредити според ЕКТС:** 7
**Носител на предметот (предметен професор):** проф.д-р Владо Бучковски, проф. д-р Гоце Наумовски, доц.д-р Есин Кранли Бајрам, ас.докт. м-р Тимчо Муцунски
**Предавања:** 12 седмици (по 4 часа неделно).
**Консултации:** вторник, среда и четврток (11:30 – 14 часот).

Предметот е предвиден како интензивен и практичен курс за студенти кои треба да стекнат основни правнички знаења.

II. ЦЕЛИ / РЕЗУЛТАТИ НА ПРЕДМЕТОТ:

**1. Цели:**

Во рамките на предметот *Римско право* студентите, преку креативни предавања и практични вежби, поподробно се запознаваат со појавата и историскиот развиток на римското право, почнувајки од најстариот период, со посебен нагласок на историскиот општествено-економски развиток на римската држава а особено на ромското приватно право. Предметната програма содржи детална разработка на настанокот,содржината,заштитата и престанокот на речиси сите приватно правни гранки и нивните пооделни институти. Предметот нуди содржини кои ги допираат темите од суштествена важност за секој добар правник.

**2. Резултати:**

Очекуваните резултати од студентите, коишто перманентно би го посетувале курсот *Римско право* , се следниве:
- да ги разберат основните етимолошки, терминолошки и содржински поими и категории во сферата на римското право
- да можат да ја воочат врската помеѓу римското и современото право, преку компарирање на институти и категории кои се среќаваат и денес а водат потекло од уште од Антиката;

- да бидат во состојба да ги сфатат основните историски фази во развојот на основните правни институти;
- да развијат истражувачки, аналитички и презентерски вештини кои би им помогнале во понатамошното образование, но секако и во практичната работа и др

III. МЕТОДОЛОГИЈА НА ПРЕДМЕТОТ:

**1. Методи на предавања и вежби:**

Во предавањата и вежбите по предметот *Римско право* студентите се користат различни комбинации на тахники на работа, меѓу кои се вклучени:
- воведни излагања на предавачот (опшшти насоки за конкретната тема со цел насочувања на дискусијата);
- интерактивни дискусии со активно партиципирање на студентите;
- истражувачки проекти (индивидуални или групни) кои вклучуваат поподробно разработување на одредени тематски целини, во или вон материјата, по претходна консултација со предавачот;
- изработка и одбрана на есеи т.е. семинарски трудови (усмена комуникација);
- пишување на табла;
- Power Point презентации (со шеми, слики и фотографии за полесно визуелно меморирање);
- аудио и видео материјали од познати говори;
- делење на потребни материјали за вежби (вклучително: презентации, теми за есеи; теми за семинарски работи; распоред за предавања и вежби; список на литература со потребните библиографски податоци; хрестоматија на корисни информации; листа на светски универзитети кои имаат компатибилни курикулуми и сл.)

**2. Активности на студентите:**

**а) Обврзувачки активности за студентот (задолжителни дејствија):**

* *присуство на часовите:* секој студент кој нема присуствувано на часовите (предавања и вежби) најмалку 51% нема право да го полага испитот, и повторно ќе го слуша и полага истиот предмет наредната академска година.

* *легитимирање и евиденција:* студентот е должен на часовите секогаш да го има кај себе својот електронски индекс, со кој на крајот од секој час се евидентира на оптичкиот читач во просторијата (предавална или амфитеатар). Нема да се водат никакви дополнителни списоци за студенти кои ги заборавиле своите електронски индекси, а отсуствата не можат дополнително да се земат во предвид. Докторски белешки или родителски известувања нема да се сметаат за оправдувања на изостаноците!

* *почитување на правилата за однесување на час:* Строго се забрануваат следниве активности за времетраењето на часовите:
- употреба на електронски уреди (мобилни телефони, радио-приемници, PDA уреди и сл., истите треба да бидат подесени на тивик режим на работа, или да бидат целосно исклучени од функција);
- внесување на храна и алкохолни пијалоци во просторијата;

- недолично однесување (врева, галама, гласни разговори, зборување на телефон, слушање музика, јадење на час, читање весници, навреда на колегите или предавачот и др.). Секој кој ќе ги прекрши овие правила, по претходна опомена, ќе биде отстанет од часот, без право да го евидентира своето присуство. За погруби прекршоци ќе биде поведена и соодветна дисциплинска постапка со сите неповолни последици кои од неа произлегуваат.

**б) Препорачливи активности за студентот (незадолжителни дејствија):**

*претходно читање на задолжителната литература за конкретниот час, како главен предуслов за добра дискусија (при читањето студентите особено треба да обрнат внимание на следново: која е тезата на текстот?; која е логиката на аргументацијата на авторите и дали притоа се воочени некои недоследности?; правење споредби и сл.);

* земање учество во дискусиите (со свои предлози, мислења, констатации, ставови);

* поставување прашања за помалку јасните теми;

* истражување сродни содржини, поврзани со темата на часот итн.

**3. Методи на оценување:**

Методологијата на оценување по предметот *Римско и современо заложно право* е компатибилна со ЕКТС стандардите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје:

*Писмен тест, влезен колоквиум(описно оценување-положил -не положил)*

*Завршен испит што го спроведува професорот()усмена или писмена проверка на знаењата што ја формира конечната оцена)*

Финалната оценка на студентот варира во зависност од освоениот број на бодови/поени:

| *Дијапазон* | | *Оцена* |
|---|---|---|
| 60-67 | = | 6 (шест) |
| 68-75 | = | 7 (седум) |
| 76-83 | = | 8 (осум) |
| 84-91 | = | 9 (девет) |
| 92-100 | = | 10 (десет). |

Освоената оценка му се внесува на студентот во неговиот индекс и во пополнетата пријава за испитот, којашто ја задржува испитувачот и потоа ја проследува до Канцеларијата на ЕКТС т.е. Службата за студентски прашања.

## IV. ЛИТЕРАТУРА ПО ПРЕДМЕТОТ:

Литературата по предметот *Римско право* е селектирана така што во предвид се зема досегашното позитивно искуство на предавачите со конкретната основна литература Понудената литература е на македонски јазик.. Книгите можат да се најдат во библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“, потоа во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во повеќето градски библиотеки и книжарници. За

евентуалните проблеми при нивната набавка потребно е да се побара помош од предавачот, кои на студентот би му ги дал потребните упатства.

**1. Задолжителна литература (основна/испитна):**

* Пухан Иво, Поленак-Аќимовска Мирјана, Бучковски Владо, Наумовски Гоце: Римско Право,Скопје, 2014
* Поленак-Аќимовска Мирјана, Бучковски Владо: Избор на текстови од римското право III издание( или било кое друго издание на наведениот практикум) Куманово 2003
* Рајнхард Цимерман: Облигационо право Римски основи на граѓанската традиција (превод Елена Витанова) Скопје: Просветно дело АД,2009 (поглавје 8 Emtio Venditio)
*Ендру Борковски и Пол ду Плесис, Учебник по Римско право (превод Елена Витанова) 3то издание, Скопје: Просветно дело АД, 2009 (7 Стекнување на сопственост)
*Бери Николас, Вовед во римско право, со предговор, ревидирана биографија и речник со латински поими од Ернест Мецгер(превод Наташа Алексовска, Рената Горгиевска, Билјана Митовска) Скопје: Просветно дело, АД, 2009 (4.Брак)

IV. СОДРЖИНА НА ПРЕДМЕТОТ (СТРУКТУРА ПО СЕДМИЦИ):

**1-ва недела: Општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото**

- периодизација
-општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото во стариот Рим
- општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото во класичната римска робовладетелска држава
- општествено-економски односи, политичко уредување и извори на правото во апсолутистичката римска држава
- посебен осврт на Corpus Iuris Civilis и на нејзиното влијание во Византија и на Запад

**2-ра недела: Ius quod ad personas pertinet (Лично право)- прв дел Статусно право**

- поим на статусното право
- правна способност на физичките лица
- деловна способност на физичките лица
- правна и деловна способност на правните лица

**3-та недела: Ius quod ad personas pertinet (Лично право)-втор дел Семејно право ( Status familiae)**

- поим на семејно право и развиток на римското семејство

- брачно право (поим, услови за склучување на брак, брачни пречки, свршувачка, форми за склучување на брак, мираз и предбрачен подарок, престан на бракот, врски меѓу маж и жена слични на брак)
- татковска власт-patria potestas (поим, лица sui iuris и лица alieni iuris)
- туторство(tutela) и старателство (cura)- поим и видови

.

**4-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)-Поим на стварното право и ствари-(res)**

-поим за стварно право(iura in re) стварно-правен однос
- поим на ствари (res)
- класификација и видови ствари

**5-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)- сопственост(proprietas)**

-поим на приватната сопственост
-класификација и видови сопственост
-начини на стекнување сопственост (iusti modi domini adquirendi) – сопред ius civile и според ius gentiuim
- заштита на правото на сопственост
-престан на правото на сопственост

**6-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)- владение(possessio), ствани права врз туѓи ствари(iura in re aliena)**

- Владение (possessio)- поим, видови, содржина, заштита и quasipossessio
- Стварни права врз туѓи ствари – поим и класификација
- службености –servitutes- поим, начини на настанување, видови, заштита и прастан на службеностите
- долгорочни закупи на земјиште – ius perpetuum-поим и видови
- заложни договори – pignus- пим и видови

**7-ма недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)- поим и субјекти на облигационите односи**

-поим на облигационо право и облигациони односи - iura in persona

- субјекти на облигационите односи ( облигациона правна и деловна способност, дејство на облгациите спрема трети лица, облигациони односи во полза или на товар на трети лица, застапување во облигацион односи, промена на субјектите во облигациони односи, збирни облигациони односи)

**8-ма недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)- Содржина, извори на облигациите и договорите како извори на облигациите(contractus)**

-содржина на облигационите односи
- критериуми за класификација и видови облигациони односи

- извори на облигационите односи

-contractus како извори на облигационите односи (поим, битни, природни и небитни елементи на договорите, неважност на договорите, конвалидирање на неважечките договори

-

**9-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)-Видови договори како извори на облигации( формалистички, вербални, реални, литерарни и консенсуални договори)**

-критериуми за класификација на договорите

- видови договори
- формалистички договори ( mancipatio, nexum,fiducia)
- вербални договори (stipulatio, dotis dictio, iusiurandum liberti)
- реални договори (mutuum, commodatum, depositum,  pignus)
- литерарни договори (expensilatio, chirographa, syngraphae)
-  консенсуални договори( emptio venditio, location conductio societas, mandatum)

**10-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)-Пакти и деликти како извори на облигации**

**-**поим и поделба на пактите како извори на облигации (pacta adjecta, pacta praetoria, pacta legitima)

-delicta – поим, настанување, елементи и белези на облигациите кои потекнуваат од деликти

- класификација на деликтите како извори на облигации
- деликти од старото римско право(iniuria, furtum,damnum iniuria datum, rapina)

-деликти од хонорарно право(dolus, metus, fraus creditorum)

**11-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)-Variae causarum figurae како извори на облигации и обезбедување на побарувањата**

-поим за variae causarum figurae како извори на облигации

- quasicontractus- negotiorum gestio, condictiones sine causa,communio incidens, legatum, tutella
- quasidelicta
- други извори на облигации
- обезбедување на побарувањата – поим и поделба
- реално обезбедување- поим и видови

-персонално обезбедување- поим и видови

**12-та недела: Ius quod ad res pertinet (Имотно право)-Гасење на облигациите и последици од неизвршувањето на обврските**

-поим и поделба на начините на гасење на облигациите

- начини на гасење со дејство ipso iure – свечени начини на гасење, solutio, datio in solutum, novatio, compensatio, други начини на гасење на облигациите)

-начини на гасење со дејство ope exeptionis (pactum de non petendo, litis contestatio и пресуда во iudicia imperio)

- последици од неизвршувањето на обврските( стасаност на обврските, vis maior, mora creditoris, mora debitoris)